**20211973389**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 5 став 4 од Законот за Царинската тарифа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/03, 69/04, 10/08, 160/08, 35/10, 11/12, 93/13, 44/15, 81/15, 192/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 17 август 2021 година, донесе

# УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕТО НА ОДРЕДЕНИ СТОКИ ВО КОМБИНИРАНАТА НОМЕНКЛАТУРА СОГЛАСНО СО РЕГУЛАТИВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА (*)

Член 1

Во Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 222/20, 281/20, 4/21, 53/21 и 135/21 ), во членот 1 во ставот (2) по бројот „460“ сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по Прилогот 461, се додаваат седум нови Прилози 462, 463, 464, 465, 466, 467 и 468 кои се составен дел на оваа уредба.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-8494/1
17 август 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

* Со оваа уредба се врши усогласување со Регулативите на Комисијата на ЕУ за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура, CELEX бр. 32021R0575, 32021R0600, 32021R0909, 32021R0910, 32021R0911, 32021R0956 и 32021R0957 .

**Прилог 462**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕК) бр. 575/2021** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ претставен како сет за малопродажба, кој се состои од пластично шише опремено со пумпа за воздух и млазница (апарат за полнење), заедно со 100 разнобојни латекс балони, внатре во шишето.<br><br>Уредот за полнење е наменет да се наполни со вода и со таа вода да се полнат балоните. Кога се наполнети со вода балоните ќе се користат како водени бомби за игра на отворено како забава за деца и возрасни. | **9503 00 99** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(в) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименуванијата на тар. подброеви 9503 00 и 9503 00 99.<br><br>Врз основа на објективните карактеристики производот е наменет за забава на лица во играта борба со балони наполнетисо вода. Производот е сет за малопродажба, кај кој не може да се определи компонентата која го одредува неговиот суштински карактер. Затоа истиот треба да се распореди во тарифниот подброј кој се јавува последен по нумерички редослед од сите тарифни подброеви кои се земаат во предвид. Балоните се опфатени во тар. број 9503. Последователно, распоредувањето во тар. броеви 8414 и 8424 според уредот за полнење е исклучено. Оттука производот треба да се распореди во тар. број 9503. |

**Прилог 462**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕК) бр. 575/2021 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ претставен како сет за малопродажба, кој се состои од пластично шише опремено со пумпа за воздух и млазница (апарат за полнење), заедно со 100 разнобојни латекс балони, внатре во шишето.<br><br>Уредот за полнење е наменет да се наполни со вода и со таа вода да се полнат балоните. Кога се наполнети со вода балоните ќе се користат како водени бомби за игра на отворено како забава за деца и возрасни. | **9503 00 99** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(в) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименуванијата на тар. подброеви 9503 00 и 9503 00 99.<br><br>Врз основа на објективните карактеристики производот е наменет за забава на лица во играта борба со балони наполнетисо вода. Производот е сет за малопродажба, кај кој не може да се определи компонентата која го одредува неговиот суштински карактер. Затоа истиот треба да се распореди во тарифниот подброј кој се јавува последен по нумерички редослед од сите тарифни подброеви кои се земаат во предвид. Балоните се опфатени во тар. број 9503. Последователно, распоредувањето во тар. броеви 8414 и 8424 според уредот за полнење е исклучено. Оттука производот треба да се распореди во тар. број 9503. |

**Прилог 463**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕК) бр. 600/2021 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Прачки од легура на волфрам, кои содржат повеќе од 94% тежински волфрам и 1,5% тежински лантан, со должина 150 мм и дијаметар 3 мм. Прачките не се добиени само со синтерување, тие немаат премаз и немаат јадро со флукс материјал.<br>Прачките се поединечно означени со боја и нивните краеви се тапи (т.е. немаат шилести врвови). Обележувањето со боја го означува легирачкиот елемент и содржината на волфрам. Прачките се спакувани во серии.<br>Прачките се дизајнирани да бидат изострени и да се користат како електроди за заварување при TIG заварување (со волфрам инертен гас). Улогата на електродата при процесот на заварување е да се формира лак помеѓу електродата и работната површина. Електродата не се топи за време на процесот; т.е. не е потрошна. | **8101 99 10** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, забелешките 3 и 5 (а) кон оддел XV, забелешка 1 (г) кон Глава 74, забелешка 1 кон Глава 81 и наименуванието на тар. број 8101 и тар. подброеви 8101 99 и 8101 99 10.<br><br>Врвот на електродата пред употреба мора да се избруси со посебна постапка за да се добие облик на врвот потребен за правилна употреба на електродите при TIG заварување. Оттука при поднесување пред царинскиот орган, објективните каратеристики на производт не одговараат на карактеристиките на електродите за заварување за апарати за заварување од тарифен број 8515. Следствено распоредувањето како делови на машини и апарати за заварување на метали со електролак од тарифен број 8515 е исклучено.<br><br>Со оглед на неговите објективни карактеристики и својства производот одговара на наименуванието на тар. број 8101, кој ги опфаќа волфрамот и производите од волфрам.Погледнете го и првиот став од Коментарот на ХС за тарифен број 8101, во кој е наведено дека волфрамотво форма на валани или влечени шипки се распоредува во овој тарифен број, Оваа одредба е во согласност со првиот став од Коментарт на ХС за тарифен број 8311 според кој електродите од прости метали непревлечени и без јадро со флукс материјал се исклучени од тар. 8311 и треба да бидат распоредени во соодветните глави според материјалот од кој се изготвени.<br><br>Оттука производот ќе се распореди во тарифен подброј 8101 99 10 од Царинската тарифа, како прачки, профили освен оние добиени само со синтерување, од волфрам. |

**Прилог 464**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕК) бр. 909/2021 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Флексибилен производ (т.н. цевка за пливање) изработена од клеточна пластична маса (пластична пена), во форма на шуплива цевка со должина приближно 1 m и дијаметар приближно 8 cm.Производот лебди во вода, и е наменет да се употребува како лебдечко помагало, кое ги задоволува европските стандарди за лебдечки помагала за подучување при пливање(EN 13138-2:2014).<br><br>Види фотографија (*)<br><br>  | **3926 90 97** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар. број 3926 и тар.подброеви 3926 90 и 3926 90 97.<br><br>Распоредувањето во тар. број 9506 како производи и опрема за сите видови на општа физичка култура, гимнастика, атлетика и други спортови и игри на отворено е исклучено, бидејќи поради својата едноставна и општа форма производот не може да се идентификува како производ за општа физичка култура или спорт од тар. број 9506, иако поради своите лебдечки способности ги задоволува стандардите за лебдечки помагала за подучување при пливање. Исто така поради едноставната форма и вообичаен материјал, производот може да се употребува за различни намени (на пр. како заштитни производи наредени околу столбови за амортизирање на удари, како производи за термичка изолација обвиткани околу цевки, како производ за забава за деца).<br><br>Исто така, распоредувањето на производот во тар. број 9503 како други играчки е исклучено бидејќи производот со својот дизајн не може јасно да се идентификува како производ за забава на деца и возрасни.<br>Оттука производот ќе се распореди согласно материјалот од кој е изработен<br><br>Производот ќе се распореди во тарифен подброј 3926 90 97 како производ од ластика. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 465**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 910/2021** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Стапчиња од кермети со еднаков напречен кружен пресек.Производите се со различна должина и размери и може да бидат со полн пресек или да бидат перфорирани и да имаат канали за ладење и се со тапи краеви. Некои од нив може да бидат и засечени.<br><br>Производите се изготвени од кермети, т.е. од синтерирани метални карбиди на база на волфрам карбиди, со колбат како врзивно средство.<br><br>Поради нивниот низок степен на обработка едноставна форма и облик, производите имаат широк спектар на употреба, на пример како елементи за зајакнување. | **8113 00 90** | РаспоредувањетоеутврденосоОсновнитеправила 1 и 6 заприменанаНоменклатуратанаЦаринскататарифа, Забелешка 4 конОддел XV, исонаименуваниетонатар.број 8113 итар.подброј 8113 00 90.<br><br>Распоредувањетовотар. подброј 8209 како стапчиња и слични производи за алати, невградени, од кермети е исклучено, бидејќи производите може да се користат за алати или како алати само доколку се дополнително обработени и се исто така погодни и за други намени.<br><br>Производите се опфатени во тар. број 8113, кој опфаќа кермети без разлика дали се необработени или во форми на производи неспомнати на друго место во Царинската тарифа (видете коментарски забелешки на Хармонизирансистемзатар.број 8113, став 6).<br><br>Оттукапроизводотќе сераспоредивотар.подброј 8113 00 90 како кермети и други производи од кермети. |

**Прилог 466**

| **Опис на стоката**<br>**Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 911/2021** | **Распоредување**<br>**(Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Плоча со тркалца за преместување мебел, составена од:<br>- дрвена плоча (плоча влакнатица со заоблени агли и рабови);<br>- пластични подлошки против лизгање поставени на горната страна од плочата;<br>- пластични ролери;<br>- метални носачи за поставување на пластичните ролери на долната страна од плочата.<br><br>Производот има прорез за ракофат со што производот може да се носи во рака или да се обеси на ѕид.<br><br>Производот е наменет за превоз на различни предмети, посебно мебел за домаќинство и други тешки предмети.<br><br>Види фотографија (*)<br><br> | **4421 99 10** | Распоредувањето е утврдено со основните правила 1, 3(б) и 6 за толкување на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 од Глава 44 и наименувањата на тар. број 4421 и тар. ознака 4421 99 10.<br><br>Распоредувањето во тар. ознака 8716 80 00 како други возила без сопствен погон, е исклучено зашто објективните карактеристики и својства на производот не одговараат во целост на наименувањата на тарифниот број 8716 и тар. ознака 8716 80 00.<br>Имајќи ги предвид објективните карактеристики и својства на производот, вклучувајќи го прорезот за ракофат што не се употребува за туркање на производот со нога или рака, и неговиот дизајн за транспортирање на тешки предмети како мебел со туркање на предметите, производот не е дизајниран за да биде влечен од друго возило, да се турка или влече со рака, да се тирка со нога или да биде влечено од животни (види Коментарски објаснувања на ХС за тар. број 8716, втор став).<br><br>Производот не може да се смета за возило зашто нема одредени карактеристики и својства на возило на рачен или ножен погон од тар. број 8716 зашто не е количка, рачна количка, количка со платформа или градежна количка или не се состои од одредени делови на возило како што е шасија.<br><br>Затоа производот се распоредува во согласност со материјалот од кој е изработен.<br><br>Производот е сложен производ изработен од различни материјали (дрво, пластика и метал). Составниот дел што на производот му ја дава суштинската карактеристика е дрвото зашто дрвената плоча е главен дел од сложениот производ и најважен за предвидената намена на производот.<br><br>Оттука, производот се распоредува во тар. ознака 4421 99 10 како други производи од плочи влакнатици |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 467**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр.956/2021 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Модуларен производ со својства за апсорпција на звук и звучна изолација (т.н. систем „соба во соба„). Составениот производ е со ширина приближно 3 м, должина од 2 до 6 м и висина 2,3 м, и неговите ѕидови се со дебелина приближно 40 мм.<br>Составен е од алуминиумски оквир во облик на квадар споен со серија метални агли и панели, сместени на страните и на врвот на конструкцијата.<br>Секоа панел се состои од печатен полиестерски акустичен слој од огноотпорна ткаенина на едната страна и ламинирана дрвена плоча од другата страна.<br>Внатрешната страна на панелот е обложена со камена волна (со густина 100кг/м3).<br>Плафонот е направен од полиестерски панели и алуминиумски носиви греди. Производот е опремен и со врати, прозорци, ЛЕД светлосен систем и вентилациски систем.<br>Проектиран е како посебна конструкција која се поставува внатре во постоечка готова зграда зашто не обезбедува заштита од временски услови. Презнтиран е за да биде употребен во отворени канцелариски простории како затворено подрачје за доверливи состаноци, или за креирање мирна (тивка) зона.<br><br>Види фотографија (*)<br><br> | **7610 90 90** | Распоредувањето е утврдено со основните правила 1, 2(а), 3(б) и 6 за толкување на Номенклатурата на Царинската тарифа, наименуванијата на тар. број 7610 и тар. ознака 7610 90 90.<br><br>Распоредувањето на производот во тар. број 9406, е исклучено бидејќи производот не е самостојна комплетна или некомплетна „монтажна зграда„ бидејќи не може да се смета како станбен објект, објект за сместување на градилиште ниту слична зграда (види Забел. 4 од Глава 94 и Коментарски објаснувања на ХС за тар. бр. 9406).<br>Не е погоден за надворешна употреба зашто не се смета за отпорен на временски влијанија. Производот е посебна конструкција што се поставува во внатрешноста на постоечка готова зграда.<br>Производот е сложен производ каде суштински карактер му дава конструкцискиот елемент (алуминиумска рамка). Во согласност со тоа, производот се распоредува според материјалот од кој е изработена таа компонента.<br>Оттука, производот се распоредува во тар. ознака 7610 90 90 како други конструкции од алуминиум. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 468**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 957/2021 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ со овална форма со должина од приближно 180cm и со ширина од 95cm во најширокиот пресек.<br>Производотсе состои од лабаво кукичана текстилна ткаенина која обликувајќи структура слична на мрежа прицврстена на надувувачка цевка од пластична маса, која го врамува текстилната ткаенина. На една страна од цевката е прицврстена перница на надувување од пластична маса. Цевката и перницата потполно се обложени со ткаена текстилна ткаенина од предиво со синтетички филаменти.<br><br>Надворешната површина на производот е во потполност од текстилни материјали, кои преовладуваат над пластичните материјали по волумен. Структурата слична на мрежа во која лежи корисникот е исклучиво од текстилен материјал. Сепак пластиката преовладува над текстилните материјали по тежина и вредност. Меѓутоа пластичната маса преовладува над текстилните материјали по маса и по вредност. Производот е наменет да плива на вода, слично на пневматски душек за вода.<br><br>Види фотографија (*)<br><br> | **6306 9000** | Распоредувањето е утврдено со основните правила 1, 3(б) и 6 за толкување на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 7(ѓ) на Оддел XI и наименуванијата на тар. број 6306 и тар. подброј 6306 9000.Производот е сложен производ кој е составен од различни материјали (текстилни материјали и пластична маса) во смисла на основното правило 3(б).<br><br>Распоредувањето во тар. ознака 3926 90 97 како други производи од пластични маси е исклучено затоа што производот има објективни карактеристики на текстилен производ кога се гледа, допира или кога на него се лежи затоа што надворешната површина е исклучиво од текстилен материјал. Иако пластиката има важна улога во поглед на употреба на производот како уред за пловење, текстилниот материјал сличен на мрежа во средината е клучен за лицето да може да лежи на уредот што плови. Затоа сите текстилни материјали (надворешната површина, кукичаниот текстилен материјал сличен на мрежа) вкупно му даваат на производот суштински карактер во смисла на основното правило 3(б).<br><br>Имајќи ги во предвид објективните карактеристики и својства на производот (дизајниран така да може да се пренесува на различни места и таму привремено да се употребува, лесен, едноставен за транспорт и поставување, слично на пневматските душеци), производот е наменет за кампување, Да се види и коментарските забелешки за тар подброј 6306 90 00 од Комбинираната номенклатура и коментарски забелешки за тарифен број 6306, прв став, точка 5на Хармонизираниот систем.<br>Оттука производот се распоредува во тарифниот подброј 6306 90 00 како производ за кампување. |

(*) Фотографијата е само од информативен карактер